Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/22), и член 27 од Статутот на ЈП Градски паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 20.07.2022 година ја донесе следнава:

Бр.Nr. 02-544/2
20.07 2022 год.-viti
СКОПЈЕ

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Шестмесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 год**

*Член 1*

Предмет на оваа Одлука усвојување на Шестмесечниот извештајот од работењето на ЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 год.

*Член 2*

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до Градоначалникот на Град Скопје и Советот на Град Скопје заради добивање на согласност и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

*Член 3*

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 20.07.2022 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Татјана Петрушевска

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qytetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-544/2
20.07 2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## За работењето на ЈП Градски Паркинг-Скопје за перид 01.01-30.06.2022 година

# ВОВЕД

Во вториот квартал од годината, ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 3.313.800.00 денари.

Приходите заклучно 30.06.2022 година изнесуваат 110.963.867,00 денари.

Расходите се на износ 107.650.067,00 денари.

Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2022 ГОДИНА

| ПРИХОДИ – кл. 7 | **2022 година** | | **2021 година** |
|---|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 99.870.000,00 | | 92.563.486,00 |
| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 4.768.863,00 | | 8.789.661,00 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 6.315.663,00 | | 8.621.547,00 |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 9.341,00 | | 1.104,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **110.963.867,00** | | **109.975.798,00** |

| РАСХОДИ – кл.4 | **2022 година** | | **2021 година** |
|---|---|---|---|
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 9.506.248,00 | | 4.603.561,00 |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 19.947.298,00 | | 23.012.230,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 67.251.784,00 | | 61.571.053,00 |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 6.719.419,00 | | 5.488.269,00 |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 4.026.396,00 | | 4.012.972,00 |
| **ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | 52.550,00 | | 53.600,00 |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 92.595,00 | | 77.358,00 |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 53.777,00 | | 1.282,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **107.650.067,00** | | 98.820.3[illegible],00 |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ* | *2022 ГОДИНА* | *2021 ГОДИНА* |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **110.963.867,00** | **109.975.798,00** |
| **Вкупно расходи** | **107.650.067,00** | **98.820.325,00** |
| **Добивка** | **3.313.800,00** | **11.155.473,00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01.2022 - 30.06.2022 година изнесуваат 110.963.867,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 99.870.000,00 ден.
- Сектор Пајак 4.768.863,00 ден.
- Останати приходи 6.315.663,00 ден.
- Финансиски приходи 9.341,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | **2022 година** | **2021 година** | **РАЗЛИКА** | **ИНДЕКС** |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 35.999.618,00 | 32.029.129,00 | 3.970.489,00 | 1,12 |
| **2.зонско паркирање** | 52.104.983,00 | 49.489.427,00 | 2.615.556,00 | 1,05 |
| **3.катна гаража-Беко** | 7.601.102,00 | 7.344.813,00 | 256.289,00 | 1,03 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 4.164.297,00 | 3.700.117,00 | 464.180,00 | 1,13 |
| **Вкупно приходи:** | **99.870.000,00** | **92.563.486,00** | **7.306.514,00** | **1,08** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 7.306.514,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 3.970.489,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 2.615.556,00 денари. Порст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај претплатите за паркирање ,кај доплатните карти и кај продажбата на греб картичките.

Катната гаража „Беко" има реализирано приходи во висина од 7.601.102,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули" бележи приходи на износ од 4.164.297,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 256.289,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се зголемиле за 464.180,00 денари.

Катната гаража „Беко" бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули" заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 4.764.625,00 | 8.782.034,00 | -4.017.409,00 | 0,54 |
| 2.фактурирана услуга | 4.238,00 | 7.627,00 | -3.389,00 | 0,56 |
| **Вкупно приходи :** | **4.768.863,00** | **8.789.661,00** | -4.020.798,00 | 0,54 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 4.768.863,00 денари и е двојно помал во споредба со минатата година односно за 4.020.798,00 денари. Наплатени се вкупно 3.401 возила . Во првиот шест месеци од минатата година, реализиран е приход на износ 8.789.661,00 денари односно, наплатени се 5.162 возила.

Падот на приходот кај овој сектор се должи на намален број налози издадени од страна на МВР во врска отстранување на непрописно паркирани возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **од отпишани побарувања и обврски** | 28.078,00 | 43.114,00 | -15.036,00 | 0,65 |
| **од субвенции дадени во опрема** | 5.735.804,00 | 8.287.875,00 | -2.552.071,00 | 0,69 |
| **од наплатени судски трошоци** | 21.770,00 | 41.403,00 | -19.633,00 | 0,53 |
| **од наплата на штети** | 53.430,00 | 177.617,00 | -124.187,00 | 0,30 |
| **др.надомест,вонред.приходи,мин.години** | 476.581,00 | 71.538,00 | 405.043,00 | 6,66 |
| **Вкупно приходи :** | **6.315.663,00** | **8.621.547,00** | **-2.305.884,00** | **0,73** |

Во групата останати приходи која изнесува 6.315.663,00 денари спаѓаат приходи од наплата на тужени побарувања, приходи од субвенции, од наплата на штети,од наплата на судски трошоци итн.

Приходи од отпишани побарувања и обврски 28.078,00 денари; приходи од субвенции за потешкотии на износ 5.000.000,00 денари како и субвенции и донации дадени во опрема 735.804,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 21.770,00 денари приходи од наплата на штети 53.430,00 денари, приходи од други надоместоци по спогодба за блокатори 23.107,00 како и вонредни приходи на износ 453.474,00 денари од кои 355.561 ден.отпаѓаат на приходи од активирана банкарска гаранција заради предвремено раскинување на договор со снабдувач на електрична енергија од крајот на 2021 година.

Субвенциите за потешкотии во работењето на износ од 5.000.000,00 денари добиени во првиот квартал од годината , претпријатието ги искористи за плаќање на обврската за комунална такса за период 01.01.2020-30.06.2020 година на износ 6.729.147,00 денари.

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец јуни бележиме приходи на износ 9.341,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 30.06.2022 година се на износ 107.650.067,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| **опис** | **2022 година** | **2021 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 144.648,00 | 116.932,00 | 27.716,00 | 1,24 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 907.664,00 | 698.730,00 | 208.934,00 | 1,30 |
| **ел.енергија,парно** | 7.110.328,00 | 1.990.220,00 | 5.120.108,00 | 3,57 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1.169.968,00 | 1.244.479,00 | -74.511,00 | 0,94 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 173.640,00 | 553.200,00 | -379.560,00 | 0,31 |
| **вкупно:** | **9.506.248,00** | **4.603.561,00** | **4.902.687,00** | **2,06** |

Материјалните трошоци во првите шест месеци од годината изнесуваат 9.506.248,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 144.648,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 907.664,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 7.110.328,00 ден.; гориво 1.169.968,00 ден. , како и трошпоците за ситен инвентар, ХТЗ опрема и авто гуми 173.640,00 ден.

Од прегледот се забележува дека пораст на оваа група трошоци се должи на зголемните трошоци за електрична енергија што пак е последица на порастот на цената на електричната енергија како резултат на енергетската криза.

Порастот на трошокот за електрична енергија сериозно го оптоварува претпријатието. Очекуваме во периодот што следи дека ќе бидат остварени извесни заштеди кои ќе влијаат врз висината на овој трошок меѓудругото и заради тоа што се превземени мерки во претпријатието со цел заштеда на електричната енергија како и заради цените на електричната енергија кои очекуваме да бидат пониски од снабдувачот во споредба со оние кои ги засметува ЕВН а од кого претпријатето се снабдуваше заклучно месец април.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| Опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 907.009,00 | 857.184,00 | 49.825,00 | 1,06 |
| **Услуги за бележење,инфо табли** | 62.704,00 | 654.651,00 | -591.947,00 | 0,10 |
| **Услуги за тековно одржување** | 2.206.498,00 | 5.015.644,00 | -2.809.146,00 | 0,44 |
| **Тршоци за наем** | 2.258.996,00 | 2.194.563,00 | 64.433,00 | 1,03 |
| **Комунални услуги** | 1.625.352,00 | 1.749.080,00 | -123.728,00 | 0,93 |
| **Останати услуги** | 361.515,00 | 416.412,00 | -54.897,00 | 0,87 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 7.825.383,00 | 7.496.908,00 | 328.475,00 | 1,04 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 4.699.841,00 | 4.627.788,00 | 72.053,00 | 1,02 |
| **вкупно:** | **19.947.298,00** | **23.012.230,00** | **-3.064.932,00** | **0,87** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 19.947.298,00 денари односно, бележиме пад на трошоците за 3.064.932,00 денари во споредба со 2021 година .

Значителен пад на трошоците бележиме кај тековното одржување и во најголем дел падот е последица на тоа што не се евидентирани трошоци за одржување на паркинг системите заклучно прва половина на месец април. Исто така минатата година вршени се услуги за дефектажа на системот за гасење на пожари како и вградување на противпожарна опрема заради што трошоците биле значително поголеми.

Кај услугите со материјален карактер исто така бележиме пад од причина што минатата година направени се трошоци за бележење , додека пак во ова полугодие од годината не е вршено бележење . Реализирани се услуги за изработка на инфо табли на износ 62.704,00 денари.

Трошоците за наем се речиси на исто ниво како и минатат година.

Кај комуналните услуги исто така бележиме пад на трошоците како резултат на пониските цени по кои се засметува услугата за сервисирање на тоалетните кабини.

Поголем е трошокот за одржување на системот за зонско паркирање од причина што остварен е поголем промет споредено со минатат година.

Трошокот за времени вработувања е речиси на исто ниво како и минатата година односно незначително повисок во споредба со минатата година. Заклучно месец јуни ангажирани се 33 лица преку агенција за времени вработувања. Минатата година бројот на лица ангажирани преку агенција за времени вработувања изнесувал 28 лица.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| **опис** | **2022 година** | **2021 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 66.814.197,00 | 61.245.237,00 | 5.568.960,00 | 1,09 |
| **отпремнина** | 301.940,00 | 112.489,00 | 189.451,00 | 2,68 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 23.331,00 | 63.327,00 | -39.996,00 | 0,37 |
| **помош на вработени** | 112.316,00 | 150.000,00 | 112.316,00 | - |
| **вкупно:** | **67.251.784,00** | **61.571.053,00** | **5.830.731,00** | **1,09** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата на вработените изнесува 67.251.784,00 ден. и е поголем во споредба со минатата година за 5.830.731,00 денари.

По основ отпремнина за пензија исплатени се вкупно 301.940,00 ден. за 5 лица кои оствариле право на старосна пензија. Во трошокот за плати се вклучени и надоместоците на вработените по основ јубилејна нагарада за 10 години непрекинат стаж во

претпријатието. Такво право оствариле седум вработени за што исплатени се 23.331,00 денари со вклучен данок на личен доход. Исплатена е парична помош за лекување на вработен на износ 48.559,00 денари. По основ надомест за непрекинато боледување во траење од 6 месеци исплатен е износ од 33.757,00 денари. Исплатен е и надомест за смрт на вработен на износ од 30.000,00 денари.

Заклучно месец јуни бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 255 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 259 лица. Трошокот за плати варира како резултат на движења на вработените по основ вработувања, откажување на договорот за вработување ( отказ, спогодбен престанок на работен однос, пензионирање), понатаму користење боледувања, неплатени отсуства итн. заради што трошокот на плата соодветно се менува.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 6.719.419,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 1.231.150,00 денари кога истиот изнесувал 5.488.269,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| ОПИС | 2022 година | 2021година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 2.500,00 | 3.525,00 | -1.025,00 | 0,71 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 933.342,00 | 970.485,00 | -37.143,00 | 0,96 |
| **репрезентација** | 82.235,00 | 119.072,00 | -36.837,00 | 0,69 |
| **Трошоци за спонзорство** | 20.000,00 | - | 20.000,00 | - |
| **трошоци за осигурување** | 386.092,00 | 288.174,00 | 97.918,00 | 1,34 |
| **банкарски провизии** | 249.989,00 | 220.360,00 | 29.629,00 | 1,13 |
| **трош за ДДВ,членарини и адм.такси** | 1.774.137,00 | 1.291.846,00 | 482.291,00 | 1,37 |
| **користење права** | 80.775,00 | 311.825,00 | -231.050,00 | 0,26 |
| **Останати трошоци на работењето** | 497.326,00 | 807.685,00 | -310.359,00 | 0,62 |
| **вкупно:** | **4.026.396,00** | **4.012.972,00** | **13.424,00** | **1,00** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 4.026.396,00 денари и истите се речиси на идентично ниво како и минатата година.

Во групата спаѓаат следните трошоци:надоместоци за вработените 2.500,00 денари, надоместоци на органите на управување 933.342,00 денари, репрезентација 82.235,00 денари, спонзорство од јавен интерес 20.000,00 денари ; осигурување 386.092,00 денари, банкарски провизии 249.989,00 денари, трошок за ДДВ 1.550.185,00 денари, членарини 8.910,00 денари и административни такси 17.855,00 денари; трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 80.775,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 497.326,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 115.735,00 ден.; ревизорски услуги 150.000,00 ден.; трошоци за превод, вештачење и договор на дело 117.728,00 денари; претплата на весници и стручни списанија 29.622,00 ден.;трошоци за огласување 77.641,00 ден. како и судски трошоци на износ 6.600,00 денари.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Во месец јуни евидентираме трошоци за тужени побарувања на износ 52.550,00 денари. Истите произлегуваат од 2020 година и се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 92.595,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 63.387,00 денари, дополнително утврдени трошоци од минати години на износ 19.920,00 денари по основ задоцнети сметки за струја и вода како и вонредни расходи на износ 9.288,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 53.777,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, телефон и поштенски услуги како и ДДВ обврски од м.11-12.2021 година.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2022 ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2022 година** | **2021 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 58.190.470,00 | 53.189.020,00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 1.863.425,00 | 2.236.864,00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 53.045.231,00 | 49.216.213,00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 598.386,00 | 603.483,00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **113.697.512,00** | **105.245.580,00** |

| **ПАСИВА** | **2022 година** | **2021 година** |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153.052,00 | 153.052,00 |
| **Останат капитал** | 0,00 | 0,00 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 41.001.516,00 | 39.812.013,00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за втор квартал** | 3.313.800,00 | 11.155.473,00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 59.715.966,00 | 43.278.821,00 |
| **кл.2** | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 9.497.873,00 | 10.830.916,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **113.697.512,00** | **105.245.580,00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.06.2022 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.06.2022 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 58.190.470,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

Во извештајниот период претпријатието инвестираше - набави нови средства ,опрема во износ од 4.111.830,00 денари. Се работи за две нови патнички моторни возила Шкода Скала чија постапка за набавка беше отпочната во текот на 2021 година.
За потребите на кол центар Илинден, паркингот АМСМ како и депото на сектор пајак набавени се нови клима уреди – инвертери.
Со цел обновување на постоечките пда уреди за потребите на зонското паркирање како и осовременување на работата на контролорите на терен набавени се нови современи 60 дигитални уреди .

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 1.863.425,00 денари.

Од нив, 839.493,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу“ течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 404.803,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.

ХТЗ опрема Претпријатието има на залиха во вредност од 137.353,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли и кабаница .

На залиха имаме и автогуми чија вредност изнесува 481.776,00 денари. Се работи за залиха на гуми набавени за потребите на специјалните пајак возила.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.06.2022 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 38.643.617,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 11.849.450,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

Тужени побарувања има на износ 2.885.950,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година се процесирани директно на нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

Побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка на износ 2.260.915,00 денари како и даноци и придонеси од плата на вработени на износ од 7.057,00 денари.

Побарувањата од вработените се на износ 222.153,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарувања по основ на штети од осигурителна компанија бележиме износ од 4.888,00 денари .

Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 57.229,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 598.386,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 446.811,00 денари, осигурување 91.488,00 , чип картички на износ 13.617,00 денари, претплата за радиофрекфенции 1.851,00 денариа а остатокот од 44.619,00 отпаѓа на нереализирани трошоци за службен пат.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 59.715.966,00 денари. Од овој износ, 111.865,00 ден. отпаѓа на обврска за извршена услуга за подигање на возила од зелена површина со комунален инспектор за месеците мај и јуни , 9.579.630,00 ден. отпаѓа на обврски кон добавувачи, обврски за аванси 48.972,00 денари , обврска за ДДВ за м.06 на износ 2.774.752,00 денари,обврска за надоместоци на членови на управен и надзорен одбор на износ 140.000,00 ден.; обврска за бруто плата на вработените за месец Јуни на износ 10.748.309,00 денари, , обврски по основ данок на личен доход за органи на управување како и за закуп кон физички лица на износ 28.793,00 ден.; обврска за отпремнина за пензија на износ 61.616,00 денари. Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 36.222.029,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 9.497.873,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 2.450.113,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 265.440,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 6.638.876,00 денари. Износот од 143.444,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец јуни по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот 01.01.2022-30.06.2022 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 3.313.800,00 денари.

Во изминатот период во претпријатието беа превземени низа активности со цел зголемување на оперативните приходи односно приходите од паркирање и приходите од подигање на непрописно паркирани возила. Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта така и кај зонското паркирање и покрај тоа што имавме намалување на цените на услугите. Приходите од сектор пајак се намалени од причина што е намален бројот на налози за отстранување на непрописно паркирани возила кои ги издава Министерството за внатрешни работи .

Како резултат на поддршка на основачот преку доделување на субвенции за потешкотии во работењето (5.000.000,00 денари), претпријатието подмири дел од обврската за комунална такса за првата половина од 2020 година односно исплати износ од 6.729.147,00 денари . Претпријатието заклучно 30.06.2022 година должи по основ обврска за комунална такса износ од 36.222.029,00 денари од кој износ 33.090.156,00 ден. е акумулирана обврска од 2020та и 2021ва година.

Дека претпријатието е општествено одговорно се потврдува и со реализација на донација оставрена во вториот квартал од годината. Се работи за донација од јавен интерес во соработка со Општина Охрид на која и беше донирано специјално пајак возило чија вредност изнесува 1.292.675,00 денари.

Претпријатието успева навремено да ги подмирув тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Но, сметаме дека обврската за комунална такса како и трошокот за електрична енергија предизвикан од зголеувањето на цените на електрична енергија претставува сериозна закана по ликвидноста на претпријатието бидејќи сериозно фианнсиски го оптоварува. Очекуваме во периодот што следи дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе имаме поддршка за надминување на гореспоменатите потешкотии.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
М-р Бојан Христовски